Врз основа на член 188 став 6, член 212 став 10 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на РСМ бр.104/19, бр.146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, бр.161/21, бр.294/21, бр.99/22, бр.236/22, бр.65/23), а во врска со член 8 став 5 од Колективен договор за социјална заштита (Службен Весник на РСМ бр.249/19, бр.203/23), В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид донесе

# О Д Л У К А

## за вршење избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас

1. За работното место раководител со шифра СОЗОЗОЗА01002 раководен стручен службеник од прво ниво-Раководител на служба за услуги од социјална заштита- (1) еден извршител, се избира кандидатот Наташа Христовска.

2.По конечноста на одлуката со избраниот кандидат од точка еден на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време за работното место за кое е избран.

3.Донесената одлука ќе биде објавена на огласната табла и на интернет страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид по добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.19-844/2 од 07.02.2025година на својата интернет страница и на огласната табла на ден 29.05.2025 година објави интерен оглас број 01/2025 година за унапредување на даватели на јавна услуга на неопределено време на два извршители за работно место раководител со шифра СОЗОЗОЗА01002 раководен стручен службеник од прво ниво-Раководител на служба за права на парична помош-(1) еден извршител и работно место раководител со шифра СОЗОЗОЗА01002 раководен стручен службеник од прво ниво-Раководител на служба за услуги од социјална заштита- (1) еден извршител, во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид. В.д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, со Решение 04-2306/4 од 28.05.2025 година, формира Комисија за селекција за унапредување на 2(два) даватели на јавни услуги од категорија А стручни по пат на интерен оглас.

Комисијата за селекција за унапредување на 2(два) даватели за јавни услуги од категорија А стручни по пат на интерен оглас, согласно член 212 од Законот за социјална заштита ја спроведе постапката во две фази: административна селекција и интервју за наведените работни места.

По спроведената постапка, Комисијата состави Ранг листа и Предлог на кандидати за унапредување, во кој предлог на в.д. Директорот му предлага да изврши избор на прворангираниот кандидат за работното место раководител со шифра СОЗОЗОЗА01002 раководен стручен службеник од прво ниво-Раководител на служба за услуги од социјална заштита- (1) еден извршител.

Врз основа на Предлогот кандидати за унапредување бр.04-2306/12 од 12.06.2025 година и во согласност со Годишниот план за вработување на институцијата за тековната година, в.д.Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

в.д.Директор,
Димче Андрески

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Досие
-Предмет
-Агенција за вработување
-Огласна табла
-Архива